**ЗАПИСНИК**
**од четириесет и четвртата седница на Совет на Општина Гевгелија**
**одржана на 30.04.2020 година**

На четириесет и четвртата седница на Советот на општината која се одржа со почеток во 11 часот присуствуваа 19 члена на Советот од вкупно 19 члена колку што брои Советот.

**Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа: Сашо Поцков Градоначалник на општината, Сашко Олумчев претставник на Центарот за јавно здравје-Гевгелија,Митко Крџев директор на ЈЗУ Општа болница-Гевгелија и Станка Карајанова вработена во општината.**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување,Претседателот на Совет, Тодор Ристов ја отвори четириесет и четвртата седница на Совет на Општина Гевгелија.

Претседателот отвори расправа по записникот од четириесет и третата седница одржана на 13.03.2020 година.

Претседателот го стави на гласање записникот од четириесет и третата седница и **Советот едногласно го усвои.**

За работа на четириесет и четвртата седница на Совет, е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1.Информација за превземените мерки и активности од страна на Општинскиот штаб за заштита и спасување за спречување на ширењето и внесувањето на Коронавирусот COVID 19,

2.Предлог-Програма за спроведување на општите мерки за заштита и спасување на населението од заразни болести за 2020 година во Општина Гевгелија,

3.Предлог-Одлука за донесување на регулациски план на Генералниот урбанистички план на град Гевгелија, измени и дополнување 2011-2021, за Блок 15, општина Гевгелија,

4.Предлог-Одлука за измена и дополнување на Одлуката за организирање и дефинирање на условите за доставување на стока на подрачјето на општина Гевгелија,

**Тодор Ристов Претседател на Совет** отвори претрес по предложениот дневен ред и бидејќи никој не се јави за збор го стави дневниот ред на гласање и **Советот едногласно го усвои.**

**Точка 1. Информација за превземените мерки и активности од страна на Општинскиот штаб за заштита и спасување за спречување на ширењето и внесувањето на Коронавирусот COVID 19.**

Претседателот отвори претрес по Информацијата за превземените мерки и активности од страна на Општинскиот штаб за заштита и спасување за спречување на ширењето и внесувањето на Коронавирусот COVID 19.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Сашо Поцков Градоначалник на општината, Сашко Олумчев претставник на Центарот за јавно здравје-Гевгелија,Митко Крџев директор на ЈЗУ Општа болница-Гевгелија ,Томе Кичуков,Ангелинка Петкова,Ристо Камов членови на Совет.**

**Точка 2. Предлог-Програма за спроведување на општите мерки за заштита и спасување на населението од заразни болести за 2020 година во Општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за спроведување на општите мерки за заштита и спасување на населението од заразни болести за 2020 година во Општина Гевгелија.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Сашо Поцков Градоначалник на општината и Сашко Олумчев претставник на Центарот за јавно здравје-Гевгелија.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за спроведување на општите мерки за заштита и спасување на населението од заразни болести за 2020 година во Општина Гевгелија и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 3. Предлог-Одлука за донесување на регулациски план на Генералниот урбанистички план на град Гевгелија, измени и дополнување 2011-2021, за Блок 15, општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за донесување на регулациски план на Генералниот урбанистички план на град Гевгелија, измени и дополнување 2011-2021, за Блок 15, општина Гевгелија.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Станка Карајанова вработена во општината.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за донесување на регулациски план на Генералниот урбанистички план на град Гевгелија, измени и дополнување 2011-2021, за Блок 15, општина Гевгелија и **Советот со 18 гласа за ја усвои .**

**Точка 4. Предлог-Одлука за измена и дополнување на Одлуката за организирање и дефинирање на условите за доставување на стока на подрачјето на општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за организирање и дефинирање на условите за доставување на стока на подрачјето на општина Гевгелија

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Ристо Камов член на Совет**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за организирање и дефинирање на условите за доставување на стока на подрачјето на општина Гевгелија и **Советот со 18 гласа за ја усвои .**

Бидејки дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори четириесет и четвртата седница на Советот на Општина Гевгелија.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на општина Гевгелија**
**Тодор Ристов**
**с.р.**